*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ИП1бр: 64 - 57
Датум: 24.02.2017 год.
Скопје

# ЗАПИСНИК
## за извршен вонреден инспекциски надзор

Инспекцискиот надзор е извршен по службена должност врз основа на член 128 од Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016 и 132/2016), поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор составен е во службените простории на инспекциската служба во Општина Карпош – Скопје , на ден 24.02.2017 год. во 10:00 часот, по предметот градба од втора категорија – приземна градба – сервис, на КПбр. 566/1, КО Карпош во Скопје.

Присутни при надзорот: овластен градежен инспектор Данче Поповска, дги., службено лице Душко Андонов, град. инж.

Инвеститори : Непознат инвеститор

### Наод на утврдена фактичка состојба

При извршен редовен инспекциски надзор на лице место на ден 23.02.2017 год. во 15:00 часот констатирано е дека на КПбр. 566/1 сопственост на Република Македонија непознат инвеститор гради градба од втора категорија – приземна градба – сервис, со димензии 12.00 x 8.70 m и висина H = 4.70 – 5.20 m која се состои од носечки метални профили, затворена со поцинкован лим, со едноводен кров покриен со поцинкован ребраст лим, поставена на бетонска плоча со димензии 12.40 x 8.70 m и висина H = 0.20 m.

На лице место е оставена покана за странка за ден 24.02.2017 год. да се отповика инвеститорот во 09.00 часот во просториите на Општина Карпош. На поканата никој не се отповика.







Потпис на присутни лица

(потпис на инспектор – овластено лице)

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk;*